# ПОНУДА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ

## Кроациа Осигурување – Живот




## Најважното, најсигурно!

## ЗА КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ – ЖИВОТ

- **Прва компанија** во Република Македонија со добиена дозвола од Министерство за финансии за продажба на полиси за животно осигурување;
- **Лидер** на пазарот за животно осигурување во Република Македонија;
- **Croatia Osiguruvanje dd**. – Загреб го поседува мнозинскиот пакет на акции со 95% од вкупниот број на акции;
- Основачкиот капитал на компанијата изнесува **3.000.000 евра**;
- Математичката резерва (акумулирана штедна премија) која компанијата ја има издвоено изнесува над **9.250.000,00 Евра.**
- Прва осигурителна компанија во Р. Македонија со добиен **меѓународен сертификат за квалитет во работењето ISO 9001:2008;**
- Референтната листа вклучува 40 од најдобрите 200 компании во земјата;
- Осигурително покритие Друштвото има обезбедено во **CROATIA LLOYD – Загреб**

Пазарот на животно осигурување во Р. Македонија официјално започнува да се развива во 2005 година, со основањето на првата Компанија за осигурување на живот во земјава – Кроациа Осигурување – Живот. Во период од седум години осигурителната премија за животно осигурување перманентно расте.




Во динамичното опкружување во кое живееме, во услови на борба за сопствена егзистенција и обезбедување на подобар живот на своите најблиски, потребата за штедење се наметнува како нужност. Полисата за животно осигурување се покажа како добар и сигурен начин на штедење, кој во случај на најтешко финансиски го заштитува семејството, а во однос на останатите облици на штедење носи одредени поволности.

# ИНДИВИДУАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ

Осигурувањето на живот е долгорочно решение кое нуди комбинација на најбезбеден облик на **штедење**, **сигурност** како и **осигурување**, и е целосно приспособливо на индивидуалните потреби на клиентите. Животното осигурување е еден вид на инвестиција во сигурна економска иднина.

Животното осигурување има штедна компонента бидејќи **сите вложени средства се повратни.**

## *ОСИГУРЕНИ СУМИ*

- **Осигурена сума за доживување** (по истек на договорот за осигурување се исплаќа договорената осигурена сума)
- **Осигурена сума во случај на смрт од болест** (се исплаќа договорената осигурена сума независно кога настанал осигурениот случај)
- **Осигурена сума во случај на смрт поради незгода** (се исплаќа договорената осигурена сума независно кога настанал осигурениот случај)

## *ПРИДОБИВКИ*

- Средствата кои ги вложувате се повратни по истекот на осигурувањето;
- На средствата кои континуирано ги вложувате им се припишува добивка;
- Создавате капитал за времето кога приходите ќе Ви се намалат, особено по заминувањето во пензија;
- Можност за одобрување на заем од страна на Кроациа Осигурување – Живот АД;
- Го заштитувате своето семејство во случај да го изгубат главниот финансиски извор.

## *КАРАКТЕРИСТИКИ*

- Се прифаќаат лица од 14 до 65 години

  *Осигурувањето на живот треба да заврши на 75 годишна возраст.
- Можност за избор на динамика на плаќање

  *месечно, квартално, полугодишно, годишно, еднократно.
- Можност за избор на начин на уплата

  *уплатница, траен налог, задршка од плата, вирман, во нашата дирекција.
- Траење на осигурувањето - 10 до 25 години.

Можност за **<u>располагање со акумулираните средства</u>** по истекот на договорот за Осигурување на Живот:

1. **подигнување на вкупниот акумулиран износ зголемен за припишана добивка**
2. **договорување на доживотна пензиска рента**




## ДОПОЛНИТЕЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ОД НЕЗГОДА

Дополнително со Осигурувањето на Живот може да се додаде **Осигурување од Незгода** при што се опфатени следните осигурени суми:

- Осигурена сума во случај на траен инвалидитет поради несреќен случај
- Осигурена сума во случај на 100% траен инвалидитет
- Дневен надомест за лекување во болница поради несреќен случај

Дополнителното осигурување од незгода е **просторно и временски неограничено**.

## ДОПОЛНИТЕЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ОД ТЕШКО БОЛНИ СОСТОЈБИ

Дополнително со Осигурувањето на Живот може да се додаде **Осигурување во случај на тешко болни состојби** при што се опфатени следните заболувања:

- Исхемична болест на срце;
- Срцев удар;
- Мозочен удар;
- Мултиплекс склероза;
- Паркинсова болест;
- Алцхајмеровата болест;
- СИДА;
- Хронично затајување на функцијата на бубрезите;
- Затајување на црниот дроб;
- Анкилозантен спонделит;
- Ревматоиден артритис;
- малигни болести (канцер).

Осигурителниот надомест на осигуреникот ќе му обезбеди неопходни парични средства за плаќање на трошоци кои не ги покриваат другите осигурувања.

# КОКО - ДЕТСКО ШТЕДНО ОСИГУРУВАЊЕ

Основна мисла која ги води сите родители, дедовци и баби е како на своето дете, внуче да му осигураат добар живот и среќна иднина, а воедно и почетен капитал за самостоен живот, кога за тоа ќе дојде време.

Веруваме дека не постои поубаво чувство од сознанието дека на Вашите најмили сте им подариле сигурност. Детското штедно осигурување е ексклузивна можност да ги осигурате своите најмили од ризиците што ги носи детската игра и притоа да заштедите за нив. Олеснете им го зачекорувањето во светот на возрасните.

Коко - Детското Штедно Осигурување е одличен начин доколку сакате на Вашите најмили да им обезбедите почетен капитал за остварување на животните цели (образование, сопствен стан, автомобил, патување од соништата, свадба...)

## *ПРИДОБИВКИ*

- **Штедна компонента** - Сите средства кои ги вложувате се **повратни**, дополнително зголемени за добивката која ја припишува Кроациа Осигурување – Живот АД.
- **Припишана добивка** – на средствата се припишува добивка се припишува добивка.
- Штедење заштитено со **девизна клаузула**
- Можност за договарање на **стипендиска рента**
- **Подарок** – вредносен чек (уплата на премија)
- Наградна игра „Најсреќно дете“ – можност полисата за Коко – детско штедно осигурување да стане билет кој ќе го одведе целото семејство во **Дизниленд**. Извлекувањето е на крај на секоја година.

## *КАРАКТЕРИСТИКИ*

- Се опфаќаат деца на возраст од 1 месец до 13 години.
- Траењето на осигурувањето е од 10 до 25 години.
- Можност за избор на динамика на плаќање: месечно, квартално, полугодишно, годишно и еднократно.
- Можност за избор на начин на уплата: уплатница, траен налог, задршка од плата, вирман, во нашата Дирекција.

ЗА СРЕЌНО И БЕЗГРИЖНО ДЕТСТВО И УШТЕ ПОСРЕЌНА ИДНИНА!

# КРОАЦИА СЕМЕЕН ПАКЕТ

КРОАЦИА СЕМЕЈНИОТ ПАКЕТ подразбира поголема сигурност за целото семејство. Вашето семејство нека стане дел од големото семејство на Кроациа Осигурување - Живот со склучување на КРОАЦИА СЕМЕЈНИОТ ПАКЕТ.

КРОАЦИА СЕМЕЈНИОТ ПАКЕТ овозможува дополнителна заштита за децата чии родители се договорувачи на осигурувањето на детето и истовремено се КРОАЦИА осигуреници.

Кроациа Осигурување – Живот целосно ја превзема финансиската грижа за децата се до истекот на осигурувањето во случај на настанување на ризици по животот на нивните родители. Кроациа превзема одговорност да ги доплати преостанатите премии по основ на полисата за Детско Штедно Осигурување, како би се обезбедила исплата на договорената осигурена сума.

.

## *КАРАКТЕРИСТИКИ*

- Договорен КРОАЦИА СЕМЕЕН ПАКЕТ – поврзување на КОКО детско штедно осигурување и Индивидуално осигурување на Живот со цел обезбедување на дополнителна сигурност;

- Се исплаќа осигурена сума во случај на смрт на родителот (договорувач на КОКО ДШО) поради несреќен случај и се превзема одговорност за доплата на преостанатите премии на КОКО детското штедно осигурување;

- Истовремено склучување на КОКО и Индивидуално.




КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ – ЖИВОТ ЛОЈАЛНА ПОДДРШКА ВО СЕКОЈ МОМЕНТ ОД ЖИВОТОТ.

# МЕНАЏЕРСКО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ

Потребно Ви е доколку сакате Вашата компанија да заштеди на непотребните трошоци наречени, стандардно "Менаџерско Осигурување".

Кроациа Осигурување – Живот АД е единствена компанија на пазарот која го нуди уникатното "Менаџерско Осигурување на Живот" со 100% повраток на вложените средства.

### *КАРАКТЕРИСТИКИ:*

- Сите средства кои се вложуваат се повратни;
- Се опфаќаат условно здрави лица со пристапна старост до **65 години;**

### ОСИГУРЕНИ СУМИ:

- Осигурена сума за доживување;
- Осигурена сума во случај на смрт од болест;
- Осигурена сума во случај на смрт поради незгода;
- Осигурена сума во случај на траен инвалидитет поради несреќен случај;
- Осигурена сума во случај на 100% инвалидитет;
- Дневен надомест за лекување во болница поради несреќен случај;
- Осигурена сума во случај на тешко болни состојби.

### *КОРИСНИЦИ:*

- Корисник за доживување;
- Корисник во случај на смрт.

### *ПРИДОБИВКИ:*

- Уникатна 0% задршка (кај минимално траење на осигурителен период од 10 години);
- Зголемено осигурително покритие до 75 години;
- Можност да се добие Заем;
- Можност да се винкулира во корист на банка или осигурителот;
- Можност да се интегрира во компензирачките пакети на компанијата како начин за наградување на квалитетните и компетентните човечки ресурси и задржување на талентите.*

* Повеќето компании го користат како начин за намалување на одливот на вработените и нивно заминување во конкурентни бизниси.

**_КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА_**

придобивки на Менаџерското Осигурување кое го нуди „Кроациа Осигурување – Живот" во однос на она кое го нудат компаниите за неживотно осигурување

| | **КРОАЦИА Животно Осигурување** | **Менаџерско Осигурување** |
|---|---|---|
| Право на учество во добивка | ДА | НЕ |
| Гарантирана исплата на осигурената сума за доживување без процентуално задржување | 0% задржување | 25% задржување |
| Осигурително покритие | до 75години | до 70години |
| Дневен надомест поради привремена неспособност за работа | ДА<br>200 болнички денови | ДА<br>30 болнички денови |
| Можност за заем | ДА[1] | НЕ |
| Можност за винкулација | ДА[2] | НЕ |
| Можност за залог | ДА[3] | НЕ |

[1] по изминати 24 месеци во висина на откупна вредност
[2] по изминати 24 месеци во висина на откупна вредност
[3] по изминати 24 месеци во висина на откупна вредност

# КОЛЕКТИВНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ

Со полисата за Колективно осигурување на живот остварувате конкурентен начин на штедење кое Ви носи постојана добивка а воедно Вие и Вашите најблиски соработници сте осигурени од сите ризици кои ги наметнува динамичниот живот.
Според направената анализа во Р.Македонија компаниите за стандардното колективно осгурување кое го нудат неживотните осигурители трошат огромни парични средства кои се неповратни.
Уникатното Колективно животно осигурување на Кроациа Осигурување - Живот Ви нуди повраток на сите Ваши вложени средства, дополнително зголемени за припишана добивка (девиденда) која изнесува минимум 3,5 % на годишно ниво, после втората осигурителна година.

## *КАРАКТЕРИСТИКИ*

- Договорувачот на осигурувањето т.е. Вашата фирма, со една полиса ги осигурува сите или дел од вработените во Вашата компанија;
- Висината на осигурените суми е еднаква за сите осигуреници без оглед на нивната пристапна старост или здравствена состојба;
- На крајот на секоја осигурителна година се прави конечна пресметка на премијата согласно вистинскиот број на осигуреници;
- Минималната месечна премија по лице изнесува 6 евра;
- Премијата за осигурување и осигурените суми се договараат во девизна валута - Евра, а плаќањето е во денарска противвредност во однос на еврото по среден курс на НБРМ;
- Договорената премија може да се плаќа: месечно, квартално, полугодишно и годишно;
- За разлика од другите осигурувања со животното осигурување на КРОАЦИА сте осигурани насекаде (во земјава и надвор од неа) и во секое време (24 часа).

Оваа полиса го опфаќа и дополнително осигурување од последици на несреќен случај (незгода) со која се гарантираат:

- Осигурана сума за траен инвалидитет (која ги опфаќа сите повреди предизвикани од несреќен случај)
- Осигурана сума за смрт од несреќен случај (која е двојно зголемена)
- Дневен надомест за лекување во болница поради несреќен случај.



- Информативна пресметка–

| | | |
|---|---|---|
| *Податоци за договорувачот* | | |
| Договорувач | Пример | |
| *Податоци за осигурувањето* | | |
| Почеток на осигурувањето | 01.05.2011 | |
| Траење на осигурувањето | 10 | |
| Број на осигуреници | 40 | |
| *Пресметка на премија и осигурени суми по лице* | | |
| **Годишна премија за живот** | **61 EUR** | |
| Осигурена сума за доживување | 650,87 EUR | |
| Осигурена сума за случај на смрт | 650,87 EUR | |
| **Годишна премија за дополнително осигурување поради несреќен случај** | **7 EUR** | |
| Осигурена сума за смрт од несреќен случај | 1.260,00 EUR | |
| Осигурена сума за траен инвалидитет | 2.520,00 EUR | |
| Дневен надомес за лечење во болница | 1,54 EUR | |
| *Вкупна премија* | **МКД** | **ЕУР** |
| Годишна | 4.161,60 | 68,00 |
| Полугодишна | 2.135,88 | 34,90 |
| Квартална | 1.084,47 | 17,72 |
| Месечна | 367,20 | 6,00 |

За разлика од неживотните осигурители кај кои не добивате повраток на средствата кај нас Вашите вложени средства се **повратни + дополнително зголемени** за препишана добивка. Според оваа информативна пресметка нашата компанија ќе исплати (на компанијата договорувач или на вработените) 650 евра загарантирана осигурена сума + 120 евра минимум препишана добивка по вработен.

# ПАКЕТ ЛОЈАЛНОСТ

- **За кого е наменет "Пакетот Лојалност"?**

Пакетот Лојалност служи за компаниите во чиј сектор владее висока конкуренција и превземање на кадри. Покрај задржувањето на постојните, служи за привлекување на нови талентирани кадри. Нема повеќе да ги гледате луѓето во кои имате вложувано време, енергија и пари како преминуваат во Вашата конкуренција.

- **Предности кои ги нуди "Пакетот Лојалност"**

- Вработените се Животно Осигурани;
- Систем за наградување на постојните човечки ресурси;
- Заштита од преминување на клучните човечки ресурси во конкурентни компании и бизниси;
- Предност во однос на конкурентите при ангажирање нови човечки ресурси и привлекување таленти;
- Право на компанијата да располага со вложените средства;
- Припишана добивка;

# РИЗИКО ПЛУС ОСИГУРУВАЊЕ

## *Дали, можеби сте кредитно задолжени?*

РИЗИКО ПЛУС претставува осигурување преку кое со минимален влог обезбедувате максимална финансиска заштита. За Вас креиравме производ кој гарантира финансиска заштита за семејството и дополнителна сигурност за Вашата инвестиција.

Полисата РИЗИКО ПЛУС е особено препорачлива за лица кои на било кој начин се кредитно задолжени, бидејќи овозможува **заштита на капиталот од последица на несреќен случај**, обезбедува **сигурност на отплатата и го заштитува семејството.**

Иднината не можеме да ја предвидиме, но со полисата за Ризико ПЛУС осигурување можеме да бидеме сигурни дека ни носи сигурност и заштита за нашето семејство.

**НИЕ ПРЕПОРАЧУВАМЕ**: Ризико ПЛУС во комбинација со Индивидуално Осигурување на Живот.

### *ОСИГУРЕНА СУМА:*

- **Осигурена сума во случај на смрт**

### *ПРИДОБИВКИ:*

- Инверстирате во сигурна економска иднина на Вашето семејство
- Заштита на семејството во случај да го изгубат главниот финансиски извор
- Со минимален влог обезбедувате максимална финансиска заштита

### *КАРАКТЕРИСТИКИ*

- Се опфаќаат условно здрави лица со пристапна старост од **18** до **65 години;**
- Траење на осигурувањето 1 до 30 години
- Минимална осигурена сума 3.000 Евра
- Динамика на плаќање – еднократно, годишно, полугодишно, квартално и месечно

Кроациа Осигурување – Живот навремено размислува за сите можни ризици, затоа во рамките на Ризико ПЛУС полисата можете да договорите и:

- *ДОПОЛНИТЕЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ОД НЕЗГОДА*
  - смрт поради несреќен случај
  - траен инвалидитет како последица од несреќен случај
  - дневен надомест за лежење во болница

- *ДОПОЛНИТЕЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ОД ТЕШКИ БОЛНИ СОСТОЈБИ*

- Исхемична болест на срце
- Срцев удар
- Мозочен удар
- Мултиплекс склероза
- Паркинсова болест
- Алцхајмеровата болес
- СИДА
- Хронично затајување на функцијата на бубрезите
- Затајување на црн дроб
- Анкилозантен спонделит
- Ревматоиден артритис
- Малигни болести (рак)

## ДОПОЛНИТЕЛНИ БЕНЕФИТИ НА ОСИГУРИТЕЛНАТА ПОНУДА НА КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ- ЖИВОТ АД СКОПЈЕ

- ***Подарок во висина од 2,5% од Осигурена Сума*** – За идните мајки кои имаат склучено полиса за осигурување минимум шест месеци пред породувањето, Крациа Осигурување – Живот доделува подарок – исплата на 2,5% од осигурена сума за секое новороденче. Се надоврзуваме на честитките!

- ***Картичка за лојалност*** – секој осигуреник на Кроациа Осигурување Живот се стекнува со картичка за лојалност која овозможува користење на попуст на преку 150 локации низ цела Македонија (ресторани, кафулиња, салони за убавина, фитнес центри, училишта за странски јазици, продавници за детски играчки, стоматолошки ординации, туристички агенции итн.)

- ***My Cro Account*** – on line апликација наменски креирана за нашите Осигуреници, која овозможува електронско следење на состојбата на полисите.

- ***ON LINE плаќање -*** Електронско плаќање на премиите преку интернет со кредитни и дебитни картички.

## СИГУРНОСТ НА ВЛОЖЕНИТЕ СРЕДСТВА

- Осигурување со девизна клаузула (уплата на премија се врши во денари по среден курс на еврото според курсна листа на НБРМ на денот на уплатата, додека осигурените суми се изразени во ЕВРА);
- Осигурувањата над максималната самоподршка, Друштвото ги обезбедува со реосигурување во *CROATIA LLOYD* – Загреб;
- Одвојување на најголем процент од вложената премија на посебна сметка за математичка резервација во согласност со законските прописи;
- Инвестирање на средствата исклучиво во неризични пласмани согласно Законот за супервизија во осигурување (државни обврзници, државни записи).

*Дополнително на Ваше барање:*

Согласно пристапната старост, пол и посебните индивидуални барања ќе изработиме прилагодена конкретна понуда за различните видови продукти согласно интересот.

Очекувајќи го Вашиот одговор Ве поздравуваме.

Со почит,

**КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ – ЖИВОТ АД СКОПЈЕ**
Ул: Мито Хаџивасилев Јасмин бр.20, спрат II,
1000 Скопје
тел.:(+389 2) 3215 083
факс: (+389 2) 3215 881; 3215 061
mail: contact@cro.mk
webMK: www.cro.mk

КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ® - ЖИВОТ

АД за осигурување на Живот

НАЈВАЖНОТО. НАЈСИГУРНО!

CRO LINK

**<u>ЗАТОА ШТО ЖИВОТОТ Е НЕМИРНО МОРЕ</u>**

**CRO LINK - Кредитирање на вашата полиса за животно осигурување**

Вашата сигурност никогаш не Ви била подостапна, а Вашата заштеда никогаш не била по загарантирана. **Кроациа Осигурување – Живот** во соработка со **Стопанска Банка – АД Скопје** креираше производ адаптиран на Вашите потреби и можности.

**Cro Link** претставува поврзување на ***<u>кредит и полиса за осигурување на живот со еднократна уплата на премија.</u>***

**Стопанска Банка - АД Скопје** врши кредитирање на лица кои сакаат да склучат полиса за осигурување на живот со еднократно вложување.

| **КАРАКТЕРИСТИКИ:** | |
|---|---|
| **Вид на осигурување** | **Осигурување во живот во случај на смрт и доживување со еднократна уплата на премија** |
| **Минимална премија** | **2.500 евра** |
| **Траење на осигурување** | **10 – 25 години** |
| **Начин на плаќање** | **Еднократно – кредитирано од СТБ** |
| **Можност за дополнително осигурување** | **Дополнително осигурување од незгода<br>Дополнително осигурување од тешко болни состојби** |

**ОСИГУРАНАТА СУМА е поголема од 25% - 30% од ИЗНОСОТ НА КРЕДИТОТ**

| ИНФОРМАТИВНА ПРЕСМЕТКА: | за женско лице со пристапна старост од 35 години |
|---|---|
| **Износ на кредитот(премија)** | **3.000 евра** |
| **Осигурана сума** | **4.476 евра** |
| **Период на отплата на кредитот** | **5 години** |
| **Период на траење на осигурување** | **15 години** |
| **Осигурана сума зголемена за добивка** | **5.775 евра** |
| **Очекувана заштеда** | **2.278 евра** |

**ПРИДОБИВКИ:**

- Прифатлив и лесен начин за склучување на полиса за осигурување на живот;
- Постигнување на финансиска сигурност за себе и своето семејство;
- Полиса која носи најголем финансиски приход;
- Штедење и истовремено осигурување;
- Едноставна постапка за одобрување на кредит.

**ДОПОЛНИТЕЛНИ БЕНЕФИТИ НА ПОЛИСАТА:**

➢ ***Подарок во висина од 2,5% од Осигурена Сума*** – За идните мајки кои имаат склучено полиса за осигурување минимум шест месеци пред породувањето, Крациа Осигурување – Живот доделува подарок – исплата на 2,5% од осигурена сума за секое новороденче. Се надоврзуваме на честитките!

➢ ***Картичка за лојалност*** – секој осигуреник на Кроациа Осигурување Живот се стекнува со картичка за лојалност која овозможува користење на попуст на преку 150 локации низ цела Македонија (ресторани, кафулиња, салони за убавина, фитнес центри, училишта за странски јазици, продавници за детски играчки, стоматолошки ординации, туристички агенции итн.)

*Дополнително на Ваше барање:*

Согласно пристапната старост, пол и посебните индивидуални барања ќе изработиме прилагоденаконкретна понуда за различните видови продукти согласно интересот.

Очекувајќи го Вашиот одговор Ве поздравуваме.

Со почит,

**КРОАЦИА ОСИГУРУВАЊЕ – ЖИВОТ АД СКОПЈЕ**
Ул: Мито Хаџивасилев Јасмин бр.20, спрат II,
1000 Скопје
тел.:(+389 2) 3215 083
факс: (+389 2) 3215 881; 3215 061
mail: contact@cro.mk
webMK: www.cro.mk